Бр. 04-101/3
29.07.22
Крушево / Krushevë

Врз основа на член 21 и 22 од Законот за работни односи (Сл. весник на РМ бр.62/05.....120/18 и Сл.весник на РСМ 110/19 и 267/20), член 142 и 143 став (17) и (18) од Закон за Заштита на децата (Сл. весник на РМ 23/2013......198/18 и Сл. весник на РСМ БР.104/19.....311/20)), член 20-д од Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ бр. 27/14, 199/14 и 27/16, 35/18, 198/18 и Сл. весник на РСМ бр.143/19 и 20/20) и член 36 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈОУДГ "Гонча Туфа"-Крушево, Директорот на ЈОУДГ "Гонча Туфа"- Крушево, по објавениот оглас за вработување на неопределено работно време на еден извршител на работно место воспитувач број 1/2022, на ден 29.07.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А

## За избор од пријавените кандидати за засновање на работе однос

1. За извршител на работното место Воспитувач по јавниот оглас број 1/2022 година се избира кандидатот:
   -Даниела Доага од Крушево;

2. Именованата од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработена на работното место од предходната точка по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

По објавувањето на јавниот оглас за вработување број 1/2022 во дневните весници НОВА МАКЕДОНИЈА и КОХА на ден 19.07.2022 година за работното место Воспитувач се пријави еден кандидат, а тоа е лицето Даниела Доага од Крушево. Директорот го изврши изборот на единствениот пријавен кандидат за работното место од јавниот оглас, за кое беше доставена пријава со комплетирани документи по огласот, на предлог на комисијата за вработување, а после извршената селекција од страна на комисијата. Кандидатот Даниела Доага во целост ги исполни условите по огласот во двете фази од процесот на селекција и истиот се избира за работното место Воспитувач, согласно статутот на Установата, согласно погоре цитираните членови од Законот за работни односи, Законот за заштита на децата и Законот за вработени во јавен сектор, а врз основа на Записникот и Ранг листата од комисијата за селекција при вработувањето.

За извршениот избор да се извести избраниот пријавен кандидат.

По завршувањето на изборот Директорот на ЈОУДГ "Гонча Туфа"-Крушево ќе потпише Решение за вработување на давател на јавна услуга со избраниот кандидат и Договори за вработување, со кои ќе бидат регулирани правата и обврските од работен однос.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат, може да изјави жалба до Државна комиија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката за избор.

ВД Директор

________________